РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5210/2
16-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница, одржана на ден 11.01.2023 година донесе

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-5210/1 од 07.11.2023 година од страна на познат подносител, со наводи против ---, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во случајот од причина што предметните дејствија наведени во пријавата не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува, до кој истата пријава е веќе доставена од страна на пријавителот.

Предметот со број 12-5210/1 од 07.11.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 07.11.20223 година, поднесена е пријавата со наводи против ---, истакнувајќи дека има сомненија за ненаменско трошење и не плаќање на персонален данок и други даночни обврски, исплата на фиктивни фактури и нереални плаќања како и други сомненија за злоупотреби со финансикси средства, лошо управување и нетранспарентно работење за периодот од 01.01.2018 година до денот на поднесување на пријавата.

При надлежното постапување по предметниот случај ДКСК констатира дека пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на Државната комисија, туку за истите друг орган е надлежен да постапува а до кој подносителот веќе ја доставил наведената пријава.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Изработил: А.С.
Одобрил: Г.Т, Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk